**Конкурс за мобилност на студенти и наставници во рамките на ERASMUS+ програмата за летниот семестар во академската 2019-2020.**

Студентите и наставниците апликациите ги доставуваат Erasmus+ координаторот најдоцна до 1 октомври 2019. Факултетот прави ранг листа на пријавените согласно критериумите (успех во студиите, познавање на странски јазик на кој се изведува наставата на универзитетот во ЕУ, мотивација и др.) и со писмо од Деканот со ранг листа на апликантите, апликациите во еден примерок се доставуваат до Ректоратот најдоцна до 5 октомври 2019.
Студентот и Erazmus+ координаторот задржуваат по еден примерок од апликацијата.
При изготвувањето на Learning Agreement (LA) треба да се посвети особено внимание, да се изберат предмети кои ќе бидат признаени по враќањето на студентот, односно компатибилни предмети од наставната програма на двата факултета, бидејќи потписите на LA гарантираат дека избраните предмети со број на EKTS ќе бидат признаени.
Препорачливо е на LA документот секој професор од избраниот предмет да стави параф на предметот кој студентот ќе го полага на факултетот во EU.
Студентите треба да достават валидна диплома за познавање на странскиот јазик на кој се изведува наставата издадена од признаена школа за странски јазици.
Сите дополнителни информации и формулари за пријавување можете да ги побарате на интернет страната на УКИМ под – Меѓународна соработка / ERASMUS + програма.
За поддршка и консултации обратете се во Одделението за меѓународна соработка или на: international@ukim.edu.mk